Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# З А П И С Н И К

од Четиринаесетта седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 27.8.2019 година

Скопје, август 2019 година

З А П И С Н И К
од Четиринаесетта седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 27.8.2019 година

Седницата започна во 13:10 часот, во Клубот на органите на управата, сала 6.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателката на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација и членовите: Софија Кузмановска, Министерство за економија; Ангелина Бачановиќ, Министерство за здравство; Сафет Незири, Министерство за образование и наука; Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика; Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа; Христина Конеска-Бероска, Секретаријат за европски прашања; Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје; Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје; Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп; Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје; Јасна Мандиќ, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје; Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје; Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје; Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово; Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје; Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје; Силвија Митевска, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје и Љупчо Петковски, Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии Скопје.

На седницата отсуствуваа членовите на Советот: Славјанка Петровска, Министерство за внатрешни работи; Андријана Велевска, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Хајрије Сопи, Министерство за култура; Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање; Атула Касуми, Министерство за политички систем и односи помеѓу заедниците; Дарко Каевски, Агенција за млади и спорт; Марјан Николов, Центар за економски анализи; Мимоза Богданоска-Јовановска, Македонско научно друштво Битола и Бесим Небиу, Здружение на новинарите на Македонија Скопје.

На седницата присуствуваа и: Татјана Калаџиска, Министерство за внатрешни работи (замена за Славјанка Петровска); Јован Гиовски, Агенција за млади и спорт (замена за Дарко Каевски); Дениз Сулејман (замена за Бесим Небиу); Бранислав Стојановски, Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија; Александра Крстевска од Националниот демократски институт (НДИ) и претставници од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Весна Тасевска, Љавдие Лецај и Загорка Видоевска.

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го утврди следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

- Усвојување на Записникот од Тринаесеттата седница на Советот, одржана на 4.7.2019 година

1. Номинирање на претставници на граѓански организации во работна група за изработка на предлог-план на мерки, активности и динамика за спроведување на процесот на проверка (ветинг) на вработените во Министерството за внатрешни работи, по објавен Јавен повик на 14.8.2019 година

2. Барање за номинирање два членови на Советот во Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година

3. Барање за номинирање на член на Координативно тело за учество на Република Северна Македонија на „EXPO Dubai 2020“

4. Покана за учество на Конференција за промоција на Конвенцијата за прекршоци поврзани со културното наследство (од 24 до 26.10. 2019 година, во Кипар)

5. Предлог-деловник за дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

6. Информирање за статусот на подготовка на Компаративна анализа за моделите на финансиска поддршка на граѓанските организации во земјите од Западен Балкан и ЕУ

7. Информирање за изработка на Предлог-модел за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија

8. Покана за состанок од страна на Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија

9. Прашања и предлози

*

*   *

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, едногласно и без забелешки, го усвои Записникот од Тринаесетта седница на Советот, одржана на 4.7.2019 година.

**<u>Точка 1</u>**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ги разгледа пристигнатите девет пријави по објавениот Јавен повик за избор на претставници од граѓанскиот сектор во работна група за изработка на предлог-план на мерки, активности и динамика за спроведување на процесот на проверка (ветинг) на вработените во Министерството за внатрешни работи, заедно со Табелата за извршена административна проверка на пријавите од страна на Одделението за соработка со невладини организации и гласаше поединечно за секој од пријавените кандидати.

Претседателката Фани Каранфилова-Пановска информираше дека планирано е работната група да се воспостави до крајот на овој месец, а во неа ќе членуваат претставници од Министерството за внатрешни работи, претставници од Делегацијата на Европската Унија, претставници од амбасадата на Соединетите Американски држави во Скопје, претставници на ОБСЕ и претставници на граѓанските организации. Во таа насока, потенцираше дека неопходно е претставниците на граѓанските организации да поседуваат експертиза и искуство во областа и предложи да не се земаат предвид некомплетните пријави, како и пријавите од кандидати и здруженија кои не ги исполнуваат условите од јавниот повик.

**Заклучок:**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ги разгледа пристигнатите пријави по објавениот Јавен повик за избор на претставници од граѓанскиот сектор во работна група за изработка на предлог-план на мерки, активности и динамика за спроведување на процесот на проверка (ветинг) на вработените во Министерството за внатрешни работи и одлучи да ги номинира следните кандидати:

- Зоран Дранговски, Македонско здружение на млади правници, Скопје,
- Слаѓана Тасева, Здружение Транспаренси Интернешнл, Македонија, Скопје и
- Сибел Амет, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, Скопје.

**<u>Точка 2</u>**

Претседателката Фани Каранфилова-Пановска потсети дека Советот имаше сериозни забелешки на процесот на подготовка на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година, висината на средствата за таа намена, како и на составот на Комисијата за распределба на финансиските средства. Информираше дека Владата одлучила да го промени составот на Комисијата и да вклучи двајца членови на Советот како претставници на граѓанскиот сектор.

Ана Чоловиќ-Лешоска предложи Советот да има претставници во Комисијата наредната година, а на тематска седница да отвори широка дискусија за целта за која треба да бидат наменети овие средства. За оваа година оцени дека огласот треба да се поништи бидејќи значително се доцни со донесување на одлуката за распределба и со исплатата на средствата. Побара средствата наменети за финансирање на граѓанските организации за 2020 година да бидат доделени најдоцна до 31.3.2020 година.

Сабина Факиќ посочи дека Советот не треба да го прифати барањето на Владата за номинирање два членови на Советот во Комисијата за распределба на финансиски средства за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот за 2019 година бидејќи станува збор за постапка која е во завршна фаза.

Апликациите од НВО се доставени уште пред 6 месеци и наместо да ги соопшти проектите кои ќе ги финансира Владата допрва најавува промена на Комисијата и селекција на предлог проектите. Нејасно е што се случувало во меѓувреме и оттука според неа е неприфатливо Советот да се вовлекува во овој процес кој од почетокот не беше спроведуван согласно очекувањата и барањата на НВО, како во однос на големината на буџетот така и во однос на приоритетните области на повикот. Процесот на селекција, поради одолговлекувањето е веќе предмет на критика од нашите колеги. Воедно, во иднина односно од 2020 година ако се оцени дека е потребно преставници на здруженија на граѓани да бидат членови на Комисијата која ќе ги распределува средствата во тој случај таа не смета дека тие треба да се избираат од редот на НВО кои се членови во Советот. Не смееме да се доведеме во ситуација нашите колегите да мислат дека го узурпираме просторот каде е предвидено учество на НВО. Оттука, најсоодветно ќе биде тогаш да се објави јавен повик за пријавување за учество во Комисијата и Советот да ја преземе улогата на фасилитатор на цел тој процес, но се со цел да овозможи најсоодветните претставници да бидат дел од таа Комисија. Притоа, лично не смета дека е потребно претставници на НВО да бидат дел од таква комисија и дека институциите треба самостојно и одговорно да ги распределуваат средствата.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска објасни дека Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година беше разгледана на седница на Советот во декември 2018 година, Одделението за соработка со невладини организации организираше јавна расправасо граѓанскиот сектор, а писменото мислење на Советот беше доставено до Владата. Процесот на распределба на средствата беше одложен од причини што од денот на донесување на одлуката за распишување на претседателските избори до денот на завршување на изборниот процес постоеше законска забрана за исплата на буџетски средства за оваа намена. Дополнително, за објавениот оглас за финансиска поддршка беше поднесен приговор до Државната комисија за спречување на корупцијата, кој беше одбиен како неоснован. Барањето на Генералниот секретаријат до Советот да номинира двајца членови во составот на Комисијата за распределба на средствата е потврда за отворено и транспарентно работење на Владата и почитување на забелешките на Советот од седницата одржана во јули 2019 година за составот на Комисијата. Во одлуката за распределба на средствата и во договорите за финансиска поддршка се дефинира рокот за спроведување на проектите, што значи дека организациите ќе имаат доволно време да ги спроведат проектните активности и во 2020 година.

Зоран Илиевски се согласи со овој став и нагласи дека не треба да се потцени ниту еден денар од овие средства, да се искористи позитивната волја на Владата и да се најде начин граѓанскиот сектор, преку членови од Советот, да се вклучи во процесот на одлучување за распределба на средствата и да има увид во постапката.

Јане Чоловски се согласи дека потребно е да има претставници од членовите на Советот во составот на Комисијата, бидејќи тие го претставуваат и се одговорни пред граѓанскиот сектор. Предложи да се номинираат членови бидејќи постојат организации кои зависат од овие средства и потребно е солидаризирање.

Елизабета Божиноска се осврна на роковите и додаде дека е крајно несериозно за оглас објавен во јануари се уште да не се доделени средствата, упатувајќи сериозна забелешка до Владата за тоа како граѓанскиот сектор е третиран. Предложи двајца претставници на Советот да го следат и набљудуваат процесот, но без право на глас.

Исто така апелираше да не се ограничува периодот на спроведување на проектите туку да се почитува предвидената временската рамка за реализација на секој од нив. Додаде дека граѓанскиот сектор не смее да биде изговор за лошите процеси.

Ирена Цветковиќ се согласи да се направи компромис за 2019 година во интерес на граѓанските организации коишто поднеле пријава на огласот и да се предложат двајца претставници на Советот да учествуваат во работата на Комисијата, без право на глас, но нагласи во иднина ваквите процеси да се водат потранспарентно.

Јасна Мандиќ предложи да се објави оглас за учество на претставници од граѓанскиот сектор во Комисијата за распределба на средствата со мандат, а покрај тоа двајца членови на Советот да вршат мониторинг на целата постапка на распределба на средствата, без прав на глас.

Уранија Пировска потенцираше дека и покрај тоа што членовите на Советот се доживуваат супериорно од страна на граѓанскиот сектор, сепак Советот одговорно си ја врши работата, а она што досега беше сработено е чесно и доблесно. Доделувањето на финансиски средства во граѓанскиот сектор е честопати болна тема и основа за многу дискусии против одредени граѓански организации. Истакна дека учеството на претставници на Советот во оваа Комисија во својство на мониторинг, без право на глас, е особено важно со цел почитување на критериумите и процедурите. Исто така додаде дека е важно Советот да иницира дебата каде одат средствата наменети за граѓанските организации (вклучително и средствата од странски фондови) и дали организациите кои ги добиваат се специјализирани во обласа.

Љупчо Петковски оцени дека нема чувство на сопственост на процесот, поради што предложи двајца членови на Советот да учествуваат во работата на Комисијата без право на глас, а за процесот да поднесат извештај до Советот.

Претседателката Фани Каранфилова-Пановска уште еднаш потенцираше дека процесот не беше доволно транспарентен и инклузивен, но не се согласи членувањето во оваа комисија да биде по принципот на широка консултација, туку оцени дека во оваа фаза најефективно би било наместо членови со право на глас, да се одберат членови на Советот кои ќе учествуваат во работата на Комисијата без право на глас, во својство на набљудувачи. Притоа укажа за Програмата за финансирање на здруженијата и фондациите за 2020 година, Советот да биде вклучен од самиот почеток. Доколку процесот е целосно транспарентен во сите фази, од подготовката на Програмата до одлучувањето, тогаш Советот ќе преземе одговорност да учествува во носењето на одлуката, а ќе се поканат и граѓанските организации кои ќе го набљудуваат процесот.

Гордана Гапиќ-Димитровска реагираше на забелешките дека процесот на подготовка на Програмата за финансиска поддршка на здруженија и фондации за 2019 година не бил транспарентен и дека Советот не бил информиран, посочувајќи дека Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат ја следеше постапката утврдена во Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации и го консултираше Советот за Предлог-програмата.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го разгледа Барање за номинирање два членови на Советот во Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на

здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година.

2. Советот смета дека постапката за распределба на средствата на граѓанските организации за 2019 година не е доволно транспарентна и инклузивна, поради што предлага во работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во својство на набљудувачи, без право на глас, во зависност од расположливото време, да учествуваат два од трите номинирани членови на Советот:
   - Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје,
   - Љупчо Петковски, Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии Скопје и
   - Силвија Митевска, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје.

3. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор препорачува при планирање на Буџетот за 2020 година да се зголемат средствата наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, навреме да се консултираат граѓанските организации и Советот при дефинирање на приоритетите за финансиска поддршка, средствата да се распределат најдоцна до 31.3.2020 година, а рокот за спроведување на проектните активности да соодветствува на предложеното времетраење на проектот во пријавата на граѓанските организации.

<u>Точка 3</u>

Во врска со Барањето за номинирање на член на Координативно тело за учество на Република Северна Македонија на „EXPO Dubai 2020“, претседателката Фани Каранфилова-Пановска укажа дека Советот нема доволно информации и дека идентично барање е пристигнато и до Фондацијата отворено општество Македонија и не јасно дали се бара еден претставник на граѓанскиот сектор или повеќе.

Членовите на Советот се согласија да се одложи оваа точка од разгледување, поради потребата од обезбедување на дополнителни информации за тоа дали се бара или повеќе кандидати, со каков профил, цел и каков мандат би имале.

**Заклучок:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го одложи од разгледување Барањето за номинирање на член на Координативно тело за учество на Република Северна Македонија на „EXPO Dubai 2020“ поради потребата од обезбедување дополнителни информации.

2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, во иднина, доколку барањата адресирани до Советот не се доволно јасни и прецизни, да се покани претставник на институцијата предлагач, кој ќе присуствува на седницата на Советот и детално ќе ги образложи.

**Точка 4**

Во однос на Поканата за учество на Конференција за промоција на Конвенцијата за прекршоци поврзани со културното наследство (од 24 до 26.10. 2019 година, во Кипар), доставена од Постојаната мисија на Република Северна Македонија преку Министерството за надворешни работи, членот на Советот од областа на културата, Јане Чаловски, предложи три кандидати: Јасминка Намичева, Донка Барџиева и д-р Ана Ивановска Дескова. Членовите на Советот одлучија да ја номинираат д-р Ана Ивановска Дескова од Асоцијацијата на архитекти на Македонија да учествува на Конференцијата.

**Заклучок:**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ја разгледа Поканата за учество на Конференција за промоција на Конвенцијата за прекршоци поврзани со културното наследство (од 24 до 26.10. 2019 година, во Кипар) и одлучи да ја номинира д-р Ана Ивановска Дескова од Асоцијацијата на архитекти на Македонија да учествува на Конференцијата.

**Точка 5**

Претседателката Фани Каранфилова-Пановска извести дека Предлог-деловникот за дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор предвидува Советот да може да работи и одлучува за работите од својата надлежност и на дописни седници, но оцени дека не се прецизирани случаите за тоа.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска информираше дека текстот на Предлог-деловникот е изработен по примерот на Деловникот за работа на Владата и прилагоден на начинот на работа на Советот.

Членовите на Советот се согласија дека е потребно да се прецизира видот на прашања што ќе се разгледуваат на дописните седници (прашања кои бараат итност, кои по нивната природа не бараат поголема елаборација и не се суштествени и сл.).

**Заклучок:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓански сектор го одложи од разгледување за наредната седница Предлог-деловникот за дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, поради потребата да се прецизираат прашањата што ќе се разгледуваат на дописните седници на Советот.

2. Се задолжуваат членовите на Советот коишто имаат други забелешки и предлози, да ги достават до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, до 30.8.2019 година.

**Точка 6**

Фани Каранфилова-Пановска информираше дека тимот на експерти со поддршка на Фондацијата отворено општество Македонија работи на подготовка на Компаративната анализа за моделите на финансиска поддршка на граѓанските организации во земјите од Западен Балкан и ЕУ. Анализата било планирано да биде финализирана до 13 септември, но поради доцнењето на податоците од општините за тоа како ги доделувале средствата, информираше дека се пролонгирала и изработката на анализата. Анализата ќе содржи податоци за сегашната состојба на финансирање на граѓанскиот сектор од страна на државата, согласно податоците добиени од институциите, податоците од трезорот од другите трансфери и конта, а ќе опфаќа и компаративни искуства со шест земји. Ќе бидат содржани и препораки како да се подобри системот преку воспоставување на нов механизам на финансирање и институција надлежна за тоа. Првиот нацрт на анализата ќе се разгледа на седница во втората половина на септември, потоа ќе се организира широка консултација со јавноста, па дури потоа интегрираниот документ ќе се усвои на седница на Советот и како предлог ќе се испрати до Владата.

**Точка 7**

Во однос на Предлог-моделот за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија, претседателката Фани Каранфилова-Пановска даде куса информација дека е побарана средба за координација со главниот политички преговарач, главниот технички преговарач и министерот за надворешни работи, која е планирано да се одржи во текот на месец септември. Покрај членовите на Работната група, го покани и членот на Советот од областа ЕУ интеграции, Љупчо Петковски, да присуствува на средбата.

**Точка 8**

На предлог на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, Советот се информираше со Поканата за состанок од Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија. Имајќи го предвид досегашното искуство и одржувањето на регистар на невладини организации на веб-страница www.nvosorabotka.gov.mk, Советот препорача средбата да се реализира со претставниците на Одделението за соработка со невладини организации.

Седницата заврши во 15:40 часот.

Следната седница на Советот ќе се одржи на 24 или 26.9.2019 година, по изјаснување на членовите.

Претседателка на Советот за соработка со
и развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвила: Загорка Видоевска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска